**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Број: 08-29/6
05.02.2020 год.

Врз основа на член 126 став 1 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Градоначалникот на Општина Велес, постапувајќи по Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр. 23-3830/4 од 12.11.2019г. од страна на барателот/операторот Друштвото за производство, трговија и услуги ХЕМИЈА-КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз извоз Велес со регистрирано седиште на ул. Живко Фирфов бр.42 Велес, односно Друштвото за производство, трговија и услуги ХЕМИЈА-КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз извоз Велес Подружница-Производство, со регистрирано седиште на ул. Ѓорѓи Шоптрајанов бр. 29 Велес, за инсталација за производство на керамички производи со печење, рачно нанесување на фритована глазура и декорирање на керамичките производи со производствен капацитет од 5 до 10 т/ден, лоцирана на ул. Ѓорѓи Шоптрајанов бр. 29 Велес, а по спроведена постапка за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, донесува:

## РЕШЕНИЕ

***за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола***

1. **СЕ ИЗДАВА** Б-Интегрирана еколошка дозвола на Друштвото за производство, трговија и услуги ХЕМИЈА-КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз извоз Велес со седиште на ул. Живко Фирфов бр.42 Велес, односно Друштвото за производство, трговија и услуги ХЕМИЈА-КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз извоз Велес Подружница-Производство, со регистрирано седиште на ул. Ѓорѓи Шоптрајанов бр. 29 Велес, за инсталацијата за производство на керамички производи со печење, рачно нанесување на фритована глазура и декорирање на керамичките производи со производствен капацитет од 5 до 10 т/ден, лоцирана на ул. Ѓорѓи Шоптрајанов бр. 29 Велес.
2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Операторот на инсталацијата Друштво за производство, трговија и услуги ХЕМИЈА-КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз извоз Велес при користење и управување со инсталацијата лоцирана на ул. Ѓорѓи Шоптрајанов бр. 29 Велес да ги почитува сите услови и мерки утврдени во Б-Интегрираната еколошка дозвола со бр. 08-29/5 од 05.02.2020г.

3. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Друштвото за производство, трговија и услуги ХЕМИЈА-КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз извоз Велес со регистрирано седиште на ул. Живко Фирфов бр.42, Велес односно Друштвото за производство, трговија и услуги ХЕМИЈА-КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз извоз Велес Подружница-Производство, со регистрирано седиште на ул. Ѓорѓи Шоптрајанов бр. 29 Велес до Градоначалникот на Општина Велес поднесе Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола со бр. 23-3830/1 од 04.10.2019г., за инсталација за производство на керамички производи со печење, рачно нанесување на фритована глазура и декорирање на керамичките производи, со производствен капацитет од 5 до 10 т/ден. лоцирана на ул. Ѓорѓи Шоптрајанов бр. 29 Велес.

Врз основа на увид во барањето и Записник со бр.23-3830/2 од 22.10.2019г. од извршен инспекциски надзор од страна на надлежен орган од Општина Велес е донесен Заклучок за измена и дополнивање на Барањето за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола со бр. 08-3830/3 од 28.10.20219г. заради негова некомплетност.

Од страна на барателот/операторот е доставено целосно Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола со бр. 23-3830/4 од 12.11.2019г.

Врз основа на целосното барање, а по спроведената постапка за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, согласно член 126 и 127 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Градоначалникот на Општина Велес одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение операторот на инсталацијата и засегнатите правни и физички лица, како и здруженија на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина може да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.

***Доставено до:***

- Операторот на инсталацијата
- Архива
- Министерство за животна средина и просторно планирање

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски

Изготвил: ДП
Контролирал: БШМ